**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Објавува

**О Г Л А С**

За ангажирање на фудбалски тренери, тренери на голмани и физиотерапевти за работа со фудбалери во паралелките за фудбал во Спортската академија во Скопје (и паралелките во Тетово, Гостивар, Охрид, Битола, Прилеп, Струмица, Штип и Велес). Конкурсот се објавува согласно член 15 од Законот за спортска академија и одредбите од Правилникот за посебни критериуми за тренер на ученици во спортска академија.

- **Во Скопје се бараат 4 (четири) главни тренери; 2 (два) помошни тренери; 2 (два тренери на голмани и 2 (два) физиотерапевти;**

- **Во Тетово се бараат 1 (еден) главен тренер; 1 (еден) тренер на голмани и 1 (еден) физиотерапевт;**

- **Во Гостивар се бараат 2 (два) главни тренери, 1 (еден) тренер на голмани и 1 (еден) физиотерапевт;**

- **Во Охрид се бараат 2 (два) главни тренери, 1 (еден) тренер на голмани и 1 (еден) физиотерапевт;**

- **Во Битола се бараат 2 (два) главни тренери, 1 (еден) тренер на голмани и 1 (еден) физиотерапевт;**

- **Во Прилеп се бараат 2 (два) главни тренери, 1 (еден) тренер на голмани и 1 (еден) физиотерапевт;**

- **Во Струмица се бараат 2 (два) главни тренери, 1 (еден) тренер на голмани и 1 (еден) физиотерапевт;**

- **Во Штип се бараат 2 (два) главни тренери, 1 (еден) тренер на голмани и 1 (еден) физиотерапевт;**

- **Во Велес се бараат 2 (два) главни тренери, 1 (еден) тренер на голмани и 1 (еден) физиотерапевт;**

Општите услови кои кандидатите за тренери треба да ги исполнуваат се:

- да има завршено најмалку више образование во областа на спортот или стекнато лиценци добиени од соодветна меѓународна спортска асоцијација и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана на вршење на професија, дејност или должност.

Посебните услови кои кандидатите за тренери треба да ги исполнуваат се:

- да поседува потврда за најмалку две години клубска работа во соодветната категорија за која е кандидат во последните пет години, или потврда за најмалку пет години работен стаж како тренер со соодветна Б, А или ПРО диплома издадена од Фудбалска Федерација на Македонија,

- да поседува потврда дека не му е изречена дисциплинска мерка од страна на дисциплински орган на Фудбслака Федерација на Македонија во последните пет години,
- да поседува комуникациски, организациски и менаџерски способности, како и способности за пренесување на знаења и вештини и
- да има постигнати резултати во неговата професионална кариера, односно освоено првенство, куп или настап во евро куповите.

Предност при избор за тренер имаат кандидатите кои познаваат најмалку еден светски јазик, што се утврдува преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението АЛТЕ на европски тестатори или уверение од меѓународна институција на А2 ниво на ЦЕФР (CEFR), односно БУЛАТС или Аптис; или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 310 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 10 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ или Гете сертификат.

Покрај потребните документи, секој од кандидатите треба да достави и програма за работа и план за натпреварување за соодветната селекција за која се пријавува како стручно лице.

Кандидатите за физиотерапевти треба да ги исполнуваат следните услови:

- да има завршено најмалку средно образование - физиотерапевт
- да има најмалку 3 (три) години работно искуство како физиотерапевт
- потврда дека не е осудуван;

Сите заинтересирани кандидати своето **CV**, на македонски, со сите потребни документи во оригинал (освен тренерската диплома која може да е копија), да ги достават до Фудбалска федерација на Македонија по пошта на адреса, или лично во архивата на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на објавувањето:

***Фудбалска Федерација на Македонија***
***Бул. АСНОМ - б.б. нас. Ново Лисиче,***
***1000 Скопје***

со назнака за ***Тренер (помошен тренер / физиотерапевт) во паралелка - фудбал во***

***---------------(се става градот)***

ФФМ, го задржува правото да изврши дополнително тестирање на кандидатите кои ќе имаат исти или приближно исти резултати за влез во предвидената квота. Сите кандидати кои ќе ги исполнат условите за прием, ќе бидат дополнително информирани за понатамошните активности, додека некомплетните и неуредно доставени пријави нема да бидат разгледувани.

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
ФИЛИП ПОПОВСКИ
в.д. Генерален Секретар